ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 130/LI 2017
13.07 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За реизбор на еден научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 23.06.2017 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за ре-избор на еден научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и наставната дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Ристо Карајков;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и наставната дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за реизбор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р Бранимир Јовановиќ, доц. д-р Калина Лечевска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Ристо Карајков, роден 22.11.1971 год. Дипломирал на Правен факултет, Скопје на Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје. Во периодот 2003-2005 ги завршува магистерските студии на Универзитетот од Тренто, Италија, каде во март 2005 се стекнува со научното звање Магистер по локален развој на Балканот.

Во периодот 2005-2009 ги завршува докторските студии на Универзитетот во Болоња, Италија, во јуни 2009 ја брани својата докторска теза за меѓународната помош на Балканот и се стекнува со научното звање Доктор по меѓународна соработка и политики на одржлив развој. Во текот на докторските студии д-р Карајков реализирал три академски истражувања на реномирани меѓународни универзитети.

Д-р Карајков има 15 годишно практично и теоретско искуство во областа на граѓанското општество особено на теми поврзани со соработка помеѓу граѓанските организации и јавни институции, како и соработката помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор. Во рамките на неговите ангажмани во ова област д-р Карајков има богато искуство со проектен менаџмент, менаџирање на ЕУ проекти, одржување на обуки за програмите финансирани од ЕУ како што се: ИПА, ИПАРД, PROGRESS, Creative Europe и други.

Од 2005 до сега е дописник за социо-економските, политичките и развојните состојби на Балканот, за различни медиуми, вклучувајќи: Osservatorio sui Balcani, One World SEE, Transitions Online, European Voice, International Herald Tribune (IHT), New York Times, World Politics Review, Charity Channel, Global Connections, WorldPress, UN Civil Society Observer, Global Policy Forum, Devex, Charity Channel.

Д-р Карајкоив бил рецензент на извештаите Nations in Transit (NIT) за Република Македонија на меѓународно реноминараната организација Freedom House. Рецензентскиот ангажман се однесува на NIT извештаите за 2014, 2015 и 2016 година, конкретно на деловите за демократија и човекови права, граѓанско општество, избори, итн.

Д-р Ристо Карајков е основач и директор на консултантската компанија Девелопмент Солушнс (ДеСо) од Скопје која нуди спектар на услуги на клиенти и корисници низ Југоисточна Европа и пошироко. ДеСо е основана во 2008 година, а од 2010 нуди обуки за управување со проекти за потребите на клиенти од јавните институции, граѓанските организации и бизнис-комерцијални организации.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Научно-истражувачка дејност

Од октомври 2003 до март 2005, во рамки на магистерските студии на Универзитетот од Тренто, Италија, (University of Trento) д-р Карајков работел на акедемско истражување оцена на локалниот развој на Балканот со фокус на анализа и препораки до младинските невладини организации и нивното влијание врз пазарот на труд и можностите за вработување на младите луѓе. Изработена теза под наслов: "Кон ефикасни практики за вработување на младите на Балканот: Водич за младински невладини организации". Во текот на магистерските студии д-р Карајков ги реализирал следниве академски истражувања на меѓународно реномирани универзитети:

-Од октомври2003 до март 2005, бил истражувач на Универзитетот на Тренто, Италија. Истражување на локалниот развој на Балканот. Методологијата се состоеше од екстензивно прибирање на податоци и интервјуа. Се фокусираше на анализа и препораки до младинските невладини организации и нивното влијание врз пазарот на труд и можностите за вработување на младите луѓе. Изработена теза, во форма на водич: "Кон ефикасни практики за вработување на младите на Балканот: Водич за младински невладини организации".

Од ноември 2005 до март 2006, бил истражувач на Универзитетот на Болоња, Болоња, Италија и UNDP БиХ,Сараево, БиХ. Истражувач во проектот UNDP/UNV's River-SEE за систематизација на податоци релевантни за борба против сиромаштијата и подготовка на извештај насловен: Партнерства против сиромаштијата: граѓанското општество и Милениумските развојни цели на Балканот.

Од февруари 2005 до јули 2009, во рамки на докторските студии на Универзитетот од Болоња, Италија, (University of Bologna) д-р Карајков работел на академско истражување (докторат) кое вклучува евалуација на влијанието на странската помош доделена на Балканот во периодот од 1990 до 2005 година. Истражувањето е фокусирано на финансиската помош од различни донори, вклучувајќи ја и Европската Унија, а методологијата вклучува екстензивно прибирање на податоци и интервјуа. Изработената теза е со наслов: "Странска помош на Балканот 1990-2005: Кој даде помош, на кого и зошто? Разградување на тековите за надворешна помош во регионот на Балканот во периодот на транзиција.

Во текот на докторските студии д-р Карајков ги реализирал следниве академски истражувања на меѓународно реномирани универзитети:

- Докторски студиски престој за истражување на тема надворешната помош за Балканот. Истражувањето е реализирано во текот на април-јули 2007 на United Nations University UNU WIDER.

- Постар истражувач на теми поврзани со граѓанското општество и демократија. Истражувањето е реализирано во текот на јули-јуни 2006 на меѓународно реноминариниот Универзитет Џон Хопкинс во Балтимор, САД. (John Hopkins University, Baltimore, US). Истражувачки фокус на граѓанското општество и демократијата. Истражувањето е реализирано во рамки на Центарот на студии за цивилното општество, под раководство на водечкиот светски авторитет за непрофитни организации, професор Lester Salamon. Истражувањето е фокусирано на доктрините употребувани од невладините организации кои имаат за цел промоција на граѓанското општество и демократија. Истражувачката методологија на вклучува прибирање на податоци, квалитативни интервјуа од различни претставници од организции во Вашингтон (Freedom House, NED, NDI, OSF, Mott Foundation, CISS, итн.).

- Research Fellowship, истражувачки престој на Универзитетот во Трст, Италија на Конзорциумот за меѓународен развој (University of Trieste, Consortium for International Development). Истражувањето е реализирано во текот на 2006 со фокус на соработката помеѓу невладините организации и јавните институции.

Д-р Карајков има 15 годишно истражувачко искуство во областа на граѓанското општество особено на теми поврзани со соработка помеѓу граѓанските организации и јавни институции, како и соработката помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор, човековите права, развој,

родови прашања, меѓуетнички односи. Во овие рамки д-р Карајков ги има спроведено следниве истражувања:

- 2016 (јули- ноември), Главен истражувач во истражување на Национален Ромски Центар за позицијата на помалите етнички заедници на локално ниво. Ангажман во дизајн на квалитаттивната компонента (интервјуа со клучни чинители), дизајн на квантитативната компонента (прашалник), обработка на податоците и анализа (вклучувајќи: поставување на СПСС база, чистење и корекција на базата, кодирање на варијабли/ отворени прашања, филтрирање на податоци, испитување на поврзаност), изработка на табели и графикони, статистичка интерпретација, итн.) и учество во пишувањето на крајниот истражувачки извештај.

- 2016 (јуни- декември), Главен истражувач во испитување на политиките и праксите на етничка и културна интеграција, мултикултурна соработка како и инструменти за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на локално ниво во 9 општини во Македонија, како дел од проектот финансиран од ЕУ: "Diversity is trendy – promoting local multiculturalism!", имплементиран од Асоцијата за демократски иницијативи (АДИ). Ангажман во испитување на нивото на имплементација на локалните стратегии за мултикултурна соработка во 6 општини, дебати за политиките и праксите на мултикултурализам, стратешки планирања и изработка на 3 локални стратегии за мултикултурна соработка.

- 2016 (јули- септември), Институтот за истражување на политики и добро владеење. Истражување на позицијата на жените кои се малцинство на локалниот пазар на труд. Работата вклучуваше дизајн на квалитаттивната компонента (интервјуа со клучни чинители), дизајн на квантитативната компонента (прашалник), обработка на податоците и анализа (вклучувајќи: поставување на СПСС база, чистење и корекција на базата, кодирање на варијабли/ отворени прашања, филтрирање на податоци, испитување на поврзаност), изработка на табели и графикони, статистичка интерпретација, итн.) и учество во пишувањето на крајниот истражувачки извештај: Baseline Report: Inclusion of Ethnic Minority Women in the Labour Market.

- 2013(март-јули), Асоцијација за Демократски Развој Зид, Црна Гора. Главен истражувач и експерт за евалуација, одговорен за развој на компаративна евалуација за влијанието на образованието и активните политики за пазарот на трудот во 5 земји од Југоисточна Европа. Целосно надлежен за

методологијата и дизајнот на евалуацијата, собирањето на податоци и анализа, и креирање на аналитички евалуационен извештај. Истражувањето беше дел од проект финансиран од ЕУ, Protection of Youth Rights in the Labor Market through ALMPs.

- 2013 (септември - ноември), V-Dem Project (Varieties of Demoracy Project). The V-Dem е соработка помеѓу Универзитетот во Гетеборг, Шведска, Универзитетот Notre Dame, САД и Универзитетот од Лунд, Шведска и Универзитетот од Бостон, САД. Проектот V-Dem собира податоци за над 300 индикатори на разни аспекти за демократијата повразни со 7 принципи: изборен, либерален, мајоритарија, консенсуален, партиципаторен, делиберативен и ad егалитарија.

- 2010 (октомври) до 2011 (април), Институт Евробалкан. Главен истражувач и ко-автор на публикација заснована на истражување извршено во 84 општини во земјата насловено како „Индекс на социјална инклузија на локално ниво", Ристо Карајков и Апостол Симовски, Институт Евробалкан, 2011. Одговорен за дизајн на методологијата за истражување, надзор и координација на тимот истражувачи, собирање наа податоци и нивна обработка, анализа на резултати, изработка на извештај и креирање на публикација.

- 2010 (февруари - август), ПСМ Фондација, YESINCUBATOR.org.mk. Главен истражувач. Истражување за перцепцијата на корупцијата во бизнис секторот во Западен Балкан. Надлежен за: имплементација на регионално квантитативно и квалитативно истражување за перцепцијата на корупцијата во бизнис секторот во Западен Балкан, креирање на прашалник, интервјуирани повеќе од 1800 менаџери на Балканог (10 обучени луѓе за вршење интервјуа), анкетирање (онлајн, лице во лице, преку прашалници) на 1340 млади луѓе од Западен Балкан, 133 интервјуа со бизнис сопственици и менаџери од 7 земји од Западен Балкан, изработка на 7 национални и 1 регионално истражување за перцепцијата кон корупцијата во бизнис секторот во Западен Балкан

- 2009 (септември-декември), Фондација, YESINCUBATOR.org.mk. Главен истражувач во регионално истражување за подготвеноста на микро, мали и средни претпријатија за финансиски ризик. Обврските вклучуваа: изработка на методологија, обука на луѓе за интервјуирање, организација на истражувачкиот процес, анализа на резултатите, изработка на публикација, завршен извештај нарече "Bridging the Gap: Access to Risk Finance for Early Stage SMES in Southeast Europe".

- 2006 (јули-октомври), Open Society Institute, Скопје, Истражувач. Истражување за можностите и предизвиците за регионален развој во Македонија. Методологијата вклучување прибирање и процесирање на податоци и интервјуа. Научен труд презентиран на конференција во Будимпешта: "The Challenge of Regional Development in the Republic of Macedonia: The State of the Matter, Issues and Considerations".

- 2006 (октомври-ноември), Open Society Institute, Скопје, Истражувач. Име на проектот: Research on Participation by the Public, Civil society and the Business Sector in Budgeting in Local-Self Government. Одговорности: квалитативни интервјуа, анкети, анализа на секундарни податоци.

**2. Објавени трудови**

- "Index of Social Inclusion at Local Level in the Republic of Macedonia", Eurobalkan Institute, April 2011; (in Macedonian: Индекс на социјална инклузија на локално ниво), Risto Karajkov and Apostol Simovski. Available (in Macedonian) at: http://www.euba.edu.mk/tl_files/Publikacii%20EUBA/Indeks%20na%20socijalna%20inkluzija%20-%20WEB.pdf
- "Bridging the Gap: Access to Risk Finance for Early-Stage SMEs in Southeast Europe", YES Foundation, November 2009.
- "Foreign Aid to the Balkans 1990-2005: Who Gave Aid, to Whom, and Why? Disaggregation of Foreign Assistance Flows to the Region of the Balkans in the Period of Transition", PhD thesis, University of Bologna, Italy, July 2009.
- "Macedonia's 2001 Ethnic War. Offsetting Conflict. What Could Have Been Done but Was Not? Conflict, Security & Development, Vol. 8, No. 4, December 2008.
- "What Makes Democracy: Doctrines of the Role of Civil Society in Democracy Promotion in the Work of the Major US Democracy Assistance NGOs", under fellowship with Johns Hopkins University, Baltimore, 2007.
- Civil Society in the Balkans: Too Much of a Good Thing? Schlossplatz, Hertie School of Governance, Issue Three, Fall 2007.
- "Decentralisation as Response to Conflict: The Case of Macedonia", CRISE, University of Oxford, October 2006.
- "The Challenge of Regional Development in the Republic of Macedonia: The State of the Matter, Issues and Considerations", OSI/LGI, Budapest, 2006.

- "Notions of Exclusion: Some Dilemmas Concerning International Aid Delivery to Southeastern Europe" 7th Annual Graduate Conference, School of Slavonic and Eastern European Studies, University College of London February 2006.

- "The Role of the Nonprofit Sector in a Local Development Framework in the Balkans", presented at the OECD conference "The Social Economy in Central, East and Southeast Europe: Emerging Trends of Social Innovation and Local Development", Trento, 2005.

- "Getting to Grip with Identity: Some Examples of the Role of the Civil Society in Recent Macedonian Identity Issues", Anglo-Serbian Society and Westminster University, proceedings of The 8th International Summer School on Democracy, Budva, 2005,

- "Towards Effective Youth Employment Practices in the Balkans: A Guide for Youth NGOs", (master thesis), 2004.

**3. Наставно научна дејност**

Во периодот од февруари 2010 до јуни 2011, д-р Карајков е е избран за професор на Факултетот за бизнис економија по предметите регионален развој и регионална компетитивност во Југоисточна Европа. Во рамки на неговите ангажман д-р Карајков дава придонес во областите кои се однесуваат на социо-економски развој, вработување, економски и политички концепти на развој, како и претприемништво за студенти на додипломки студии.

Во периодот од септември 2010 до декември 2011, д-р Карајков е е избран за доцент на Институтот Евро-Балкан, Скопје. Во рамки на неговите академски обврски д-р Карајков придонес во подготовка на програмата, предавањата и менторство на две студиски мастер програми (родови студии и студии на Југоистчна Европа). Исто така бил вклучен во квалитативни и кватитативни истражувања.

Од април 2012 е избран за доцент на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, на Мастер програмата за културолошки студи. Во рамки на неговиот академски ангажман д-р Карајков дава значаен придонес во подготовка на програмата, предавањата и менторство за студенти за Развојни студии (со фокус на различните ЕУ програми и инструменти), граѓанско општество и глобална политичка економија.

Д-р Карајков своите наставни вештини ги аплицира и преку обуки на различни проекти кои се во интерес за граѓански организации и јавни институции во Република Македонија. Како порелевантни може да се наведат следниве:

- Обучувач од февруари 2013- јануари 2014, на проект од Евроспката Унија со наслов: Empowering relevant actors for social inclusion at local level (Phase II), FWC BENEFICIARIES 2009 – LOT 9, EuropeAid/127054/C/SER/multi. Наставните обврски на д-р Карајков вклучуваат: одржување на тренинзи за финансиски менаџмент на ЕУ проекти (планирање, развој, договори, набавки, мониторинг на проекти за зајакнување на вработувањето на локално ниво со општини, невладини организации, локални агенции за вработување и други јавни организации на локално ниво); одржување на тренинзи за социјални индикатори, вклучувајќи дизајн и и истражување (видови на истражување, основен дизајн на истражување, креирње на индикатори, избор на испитаници, креирање на пражалници, видови на собирање на податоци, итн. ), обезбедување на техничка помош за општини и невладини организации во делот на креирање и поднесување на проекти за ЕУ финансирање.

- Обучувач за претприемништво, од јануари до јуни 2012 за потребите на Агенција за вработување на Р. Македонија, Скопје, Р. Македонија. Проект финансиран од ЕУ „Direct Grant to the Employment Service Agency of the Republic of Macedonia: Support to the employment of young people, long-term unemployed and women (Component 3 - Trainings for Skills Demanded on the Labour Market)“. Наставните обврски на д-р Карајков вклучуваат: иззработка на план за обуки, дизајн и одржување на обуки за претприемништво за невработени луѓе.

- Обучувач од ноември 2011 до март 2013. Проект реализиран преку Cambridge Education, а финасиран од ЕУ „Empowering relevant actors for social inclusion at local level (Phase I), FWC BENEFICIARIES 2009 – LOT 9, EuropeAid/127054/C/SER/multi“. Корисник: Министерство за труд и социјала Наставните обврски на д-р Карајков вклучуваат: одржување на тренинзи за социјални индикатори, вклучувајќи дизајн и и истражување (видови на истражување, основен дизајн на истражување, креирње на индикатори, избор на испитаници, креирање на прашалници, видови на собирање на податоци, итн. )

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

По прегледувањето на опусот на научно-истражувачката дејност и наставната дејност и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано дека во текот на неговите академски

ангажмани на повеќе високообразовни и научни установи д-р Ристо Карајков реализирал обемен опус на квантитативни и квалитативни истражувања.

Во своите истражувања и искуството во работата со високообразовните и научни установи тој развива научни истражувачки прашања продлабочувајќи ги теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: Д-р Ристо Карајков има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: изработка на инструменти за: анкети, интервјуа, фокус групи и анализи на содржина, организација и реализација на емпириски истражувања , анализа на податоци и пишување на научни студии. Тој е автор на бројни трудови, студии, истражувања, евалуациски извештаи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Македонија. Наговиот истражувачки и наставно ангажман покажуваат сериозна иницијативност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Ристо Карајков ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за ре-избор во научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Карајков, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р

Ристо Карајков да се ре-избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,

Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Бранимир Јовановиќ, доцент,

Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, член

Д-р Калина Лечевска, доцент,

Институт за општестевни и хуманистички науки - Скопје, членка